**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# ПРЕТХОДНА НАЈАВА

**за објавување на Јавен повик 02/2012 за доставување на барања за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2007-2013)**

Владата на Република Македонија и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека во **втората половина на месец септември 2012 година** ќе се објави Јавен повик за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програма за периодот 2007-2013 година "Службен весник на Република Македонија" број 83/2009 од 03.07.2009 година).

Целта на ИПАРД Програмата 2007-2013 е преку соодветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехрамбениот сектор, преку нивно усогласување со стандардите на Европската унија и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување.

Финансиските средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 во врска со спроведување на овој Јавен повик од септември 2012 година се наменети за следните мерки:
Мерка 101- Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандардите на Европската Унија,
Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија, и
Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности.

Правилата за користење на финансиските средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 налагаат претходно склучување на договор на потенцијалните корисници со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и реализација на одобрената инвестиција согласно претходно договорените услови. Контролата на самото место и спроведувањето на надзорот над договорот извршуваат овластени лица од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и релевантни институции од Република Македонија за управување, спроведување и контрола на ИПАРД и Европска Унија.

Начинот и постапката за користење на финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2007-2013 се пропишани во Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерки за рурален развој финансирани од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија. ("Службен весник на Република Македонија", бр. 33 од 08.03.2012 година).

Огласот ќе трае **45 дена** од денот на објавување на Јавниот повик во дневните весници.

**НАПОМЕНА:** Потребната документација за подготовка и поднесување на барања, вклучително и Упатствата за корисниците на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 ќе бидат ажурирани и објавени на веб страната на Агенцијата во периодот до објавување на Јавниот повик.

Подетални информации во врска со типовите на инвестиции, критериумите за добивање на финансиска поддршка, висината на поддршката по мерки заинтресираните можат да ги добијат во
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**Телефон: 02 3097-460**
**Факс: 02 3097-454**
**e-mail адреса:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk**
**www.ipardpa.gov.mk**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Тело за управување со ИПАРД**
**Телефон: 02 3109-809**
**Факс: 02 3110-887**
**e-mail адреса: info@ipard.gov.mk**
**www.ipard.gov.mk**

**Агенција за поттикнување на развој во земјоделството**
**Телефон: 047 228-330**
**Факс: 047 228-370**
**www.agencija.gov.mk секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.**

Информации за изготвување и доставување на барања, како и практични совети за аплицирање, заинтересираните земјоделски производители можат бесплатно да добијат во регионалните центри на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството. (Контакт листа на регионални центри и надлежни лица е објавена на веб страните на надлежните институции).

Инструмент за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) 2007 - 2013